Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 04.02.2019

На 03.02.2019 година во периодот од 19.30 до 20.50 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес на дом и други помошни простории на улица „Кеј Вардар“ во Гостивар, сопственост на Н.И. (36) од Гостивар. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана и предмети со остатоци од марихуана. Лицето било приведено во полициска станица. Исто така, во полициска станица било приведено и лицето Г.Н., кое било затекнато во куќата. При личен преглед, кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 03.02.2019 година во периодот од 13.30 до 15.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на Ј.С.(49) на улица „Кавкаска" во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени кокаин, дигитална вага и семки од марихуана. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 03.02.2019 година околу 18.00 часот на улица „Беличица" во Гостивар полициски службеници ги лишиле од слобода З.Х.(26) и Г.Е.(44) од Гостивар. При личен преглед, кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Гостивар, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2019 година во 16.10 часот во Полициската станица Радовиш, М.Ј.(54) од Радовиш пријавил дека истиот дел на улица „Чеде Филиповски Даме" во Радовиш бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатите денови (01, 02 и 03.02.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно 21 сообраќајна незгода од кои две со тешки телесни повреди, девет сообраќајни незгоди со телесни повреди и 10 со материјална штета. Во сообраќајните незгоди две лица се здобиле со тешки телесни повреди и 18 лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 188 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 93 возачи од кои: 37 возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 47 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и девет возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 25 возила бидејќи 24 биле нерегистрирани, а едно возило било технички неисправно. Санкционирани се 11 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, шест возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, шест поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, 14 поради непоседување пропишана зимска опрема, 13 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување на коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 216 мандатни платни налози и 129 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ј.(45) од Куманово, вработен во МВР на РМ на работно место командир на полициска станица за граничен надзор и гранична контрола Пелинце, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина", против С.Ѓ.(50) од Скопје, заменик генерален секретар на „ФОН" Универзитетот во Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривични дела „злоупотреба на службена положба или овластување", „фалсификување исправа" и „фалсификување и уништување деловни книги", против Б.Р.(47) од Скопје, раководител на

студенски прашања на универзитет „ФОН“ Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривични дела „злоупотреба на службена положба или овластување“ и „фалсификување исправа“ и против правно лице универзитет „ФОН“ со седиште на булевар „Војводина“ во Скопје.

Првопријавениот Д.Ј., со намера побрзо да се стекне со диплома за завршено високо образование, во февруари 2008 година поднел молба до Полициската академија при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Скопје од каде добил Уверение дека е запишан како вонреден студент во II година – IV семестар во академската 2007/2008 година и дека има положено 16 испити. По ова, тој не поднел молба за запишување и не склучил Договор за студирање со Правното лице Универзитет ФОН, а согласно претходен усмен договор, второпријавениот - одговорно лице на универзитетот и третопријавената - раководител на студентски прашања, формирале Комисија за признавање на испити на Факултетот за детективи и безбедност, која на 17.01.2008 година донела Решение пред да му биде издадено Уверението за положени испити од Универзитетот на кој претходно бил запишан, со кое му се признаени 15 испити, без да биде донесено друго Решение за тоа во кој семестар треба да биде запишан. По ова, првопријавениот поднел пријавен и семестрален лист за запишување на VI семестар, кој не бил даден на одобрување кај Деканот на Факултетот. На тој начин второ и третопријавената му овозможиле од незавршен IV семестар да го продолжи студирањето директно во VI семестар. Откако првопријавениот на незаконски начин ги положил испитите предвидени со студиска програма, му било изадено Уверение за положени испити без наведување со стекнат стручен назив со печат на Универзитетот и без потпис од Ректорот. Уверението не било заведено во Деловодната книга на правното лице која во тој период ја водел второпријавениот. По ова, првопријавениот, Уверението за положени испити, најпрво го употребил на 11.09.2008 година кај нотар во Скопје, а потоа го употребил во МВР на РМ за напредување во кариерата.

На 04.09.2018 година, на денот на контролата спроведена од страна на Државни просветни инспектори и инспектори од СВР Куманово, С.Ѓ. дал на увид Деловодна книга во која самоиницијативно внел име и презиме на првопријавениот, додека при извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Управен инспектор при Државен управен инспекторат, на 03.10.2018 година тој приложил друга деловодна книга во која не е запишан и не фигурирало името на првопријавениот. Д.Ј., за периодот на студирањето на ФОН Универзитетот извршил уплати во вкупен износ од 118.730 денари. Во периодот од јануари 2008 година до октомври 2018 година се стекнал со противправна имотна корист од вкупен износ од 4.344.628 денари, за која сума е оштетен Буџетот на Република Македонија.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе кривична пријава против К.Ѓ., полицаец во Полициската станица за општа надлежност Кавадарци, поради постоење на основано

сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда", предвидено и казниво по член 131 од Кривичниот законик на Република Македонија. На 05-ти мај минатата година, пријавениот при извршување работни задачи заедно со уште три полициски службеници, при лишување од слобода на лице, употребил физичка сила и му нанел тешки телесни повреди на лишеното лице. По преземени мерки од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против К.Ѓ. и тројцата полициски службеници кои работните задачи ги извршувале без потребниот квалитет поведена е постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во текот на изминатите денови (01, 02 и 03.02.), на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Штип 97 возачи се санкционирани бидејќи се движеле со поголема брзина од дозволената, 14 возила се исклучени од сообраќај бидејќи биле нерегистрирани. Исто така, исклучени се 10 возачи бидејќи управувале возило под дејство на алкохол, 19 пред да се стекнат со право на управување на моторно возило, шест не користеле безбедносен појас, двајца возачи разговарале на мобилен телефон и еден возач непрописно вршел престигнување. Издадени се 120 мандатни платни налози и 42 прекршочни платни налози.

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола, изминатиот викенд ,извршиле контрола за брзина,зимска опрема, управување без возачка, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилатаи сл. При контролата, кај 16 возачи е откриено присуство на алкохол и истите се исклучени од сообраќај. При контролата откриено е дека 13 возила се технички неисправни,24 возачи управувале без возачка дозвола а кај 84 други возачи откриено е дека управувале возила со поголема брзина од дозволената. За неправилно паркирање издадени се 25 мандатни налози ,а писмено опоменати се20 возачи . На 42 возачи изготвени им се мандатни платни налози и ќе се соочат со соодветни глоби, а исто така изготвени се и 25 прекршочни налози. Исто така при контролата откриени се и други 56видови останати прекршоци. Издадени се вкупно 152 мандатни платни налози и 63 платни налози.

На 03.02.2019 година било пријавено дека било пронајдено лицето Ј.Ѓ.(88) од село Клисура, демиркаписко. Тој, на 02.02.2019 година, во 20.45 часот во Полициската станица Неготино беше пријавен за исчезнат.

На 04.02.2019 околу 01.35 часот пријавено е дека во угостителски објект на булевар „Крсте Мисирков" во Скопје, кој во тоа време не работел, бил

испукан проектил од рачен фрлач. Повредени лица нема. Според пријавеното, оштетени се стакла од објектот, како и од околните дуќани. Извршен е увид и се работи на расчистување на случајот.

На 03.02.2019 година околу 23.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Лазар Танев‟ настанал пожар во бурекџилница, сопственост на К.А.(38) од Скопје, а дадена под закуп  Ф.Џ.(53) од Скопје. Најверојатно причина за пожарот е неисправна електрична инсталација, а со пожарот била зафатена кровна конструкција од помошна просторија на вториот кат. Пожарот бил локализиран и изгаснат од страна на Бригадата за противпожарна заштита. Повредени лица нема. Увид се врши.

На 04.02.2019 околу 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во банка на улица „Јадранска магистрала‟непознати сторители извршиле разбојништво и со закана со оружје од сефот одзеле неутврдена сума на пари. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

На 04.02.2019 година во 03.53 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во чајџилница, сопственост на А.А.(48) од Скопје, на улица „Босна и Херцеговина‟. Повредени лица. Пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Увид се врши.

На 03.02.2019 година во Полициската станица Гази Баба бил приведен Б.Т.(38) од село Арнакија, скопско. Во 15.25 часот на улица „Беласица‟ во населба Ќерамидница, тој физички го нападнал Ж.Ј.(52) од Скопје и му нанел тешки телесни повреди. Ж.Ј. со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза‟-Скопје каде му била укажана лекарска помош.

На 04.02.2019 година во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Франц Прешерн‟ настанал пожар во патничко возило „Фолскваген‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.С.(49) од Скопје. Извршен увид.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Р.(17), Ј.Д.(17) и Д.Ш.(17), сите од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,разбојништво‟. На 27.01.2019 година околу 01.30 часот во Охрид на

булевар „Македонски Просветители“, пријавените со употреба на физичка сила од 13-годишно момче одзеле пари.


## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)